-

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2024 ГОДИНА НА
# ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ТОРАКАЛНА И ВАСКУЛАРНА ХИРУРГИЈА
# СМЕТКА НА СРЕДСТВА ОД СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ (531)

06 2025 37 01/2

Скопје, јуни 2026 година

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија на сметката на сопствени приходи (531) за 2024 година.

Изразивме мислење со резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи и мислење без резерва за усогласеност на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива за 2024 година.

Не е вршена ревизија, ниту е издаден било каков извештај за финансиските извештаи на Клиниката за годините кои претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи на Клиниката за 2024 година го утврдивме следното:

- дел од побарувањата се постари од три години, за кои не се преземени мерки за наплата, при што постои ризик од нивна ненаплатливост и постојат слабости во начинот на нивното евидентирање и вршење на попис;
- утврдена е разлика помеѓу пресметаната и наплатената партиципација за извршени здравствени услуги на здравствени осигуреници.

Во насока на надминување на утврдените состојби, ревизијата даде препораки со цел преземање на мерки и активности од надлежните лица и органи во функција на подобрување на состојбите.

Во делот на Нагласување на прашања обелоденуваме дека Клиниката има ненаплатени побарувања од Министерството за здравство за извршени здравствени услуги по програми за здравствена заштита во износ од 27.466 илјади денари, чија наплата е неизвесна.

Извршени се сметководствени корекции по дадени препораки од Државниот завод за ревизија кои предизвикуваат промени во финансиските извештаи со нето ефект зголемување на вкупната актива и пасива во износ од 26.051 илјади денари.

Не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор бр.25-664/2 од 27.04.2026 година.

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| 1. Вовед | 1 |
| 2. Мислење на ревизијата | 2 |
| 3. Основ за изразување на мислење | 3 |
| 3.1. Основ за мислење со резерва за финансиските извештаи | 3 |
| 4. Нагласување на прашања | 4 |
| 5. Законска основа за ревизијата и временски период | 5 |
| 6. Опфат и ограничувања | 6 |
| 7. Одговорност за финансиски извештаи | 6 |
| 8. Одговорност на ревизорите | 6 |
| 9. Корекции во текот на ревизијата | 8 |
| 10. Одговор на ревидираниот субјект | 8 |

Финансиски извештаи за 2024 година

| | |
|---|---|
| Биланс на приходи и расходи | 9 |
| Биланс на состојба | 10 |

Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи

| | |
|---|---|
| Вовед | 11 |
| Сметководствени политики | 11 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | 13 |

Список на кратенки

| | |
|---|---|
| ЈЗУ | Јавна здравствена установа |
| Клиника | Јавна здравствена установа универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија |
| Министерство | Министерство за здравство |
| Фонд | Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија |

Број:25-664/8
Дата:04.06.2026

## 1. Вовед

Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија со седиште на бул. Мајка Тереза бр. 17 Скопје е основана и организирана согласно одредбите на Законот за установи и Законот за здравствената заштита.

Клиниката е јавна здравствена установа со права, обврски и одговорности утврдени со закон, колективен договор, статут и други општи акти. Основач на Клиниката е Владата на Република Северна Македонија.

Клиниката ја врши здравствената дејност во мрежата на здравствени установи, согласно со стручни упатства за медицина заснована на докази и протоколи утврдени од министерот за здравство и согласно Законот за здравствената заштита.

Клиниката во рамки на дејноста што ја врши во мрежата, укажува здравствени услуги на осигурени лица согласно Законот за здравственото осигурување под услови и начин утврдени со прописи од здравствената заштита и здравственото осигурување. Клиниката дава здравствени услуги и на пациенти кои истите ги плаќаат со лични средства.

Преку оваа сметка Клиниката остварува приходи по основ на амбулантски и здравствени услуги, болнички услуги, други здравствени услуги, надоместоци за здравствени услуги кои пациентите ги плаќаат со лични средства, наплата на партиципација и трансфери од министерството за здравство по основ на програми за здравствена заштита.

## 2. Мислење на ревизијата

Извршивме ревизија на:

- финансиските извештаи на страна 9 и 10 на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија, за 2024 година на сметката на сопствени приходи - 531, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходите и расходите за годината која завршува со тој датум, применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.
- усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија за 2024 година на сметката на сопствени приходи - 531 со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 3.1. финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија на ден 31 декември 2024 година, на сметката на сопствени приходи - 531, како и резултатите од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија за 2024 година, на сметката на сопствени приходи – 531, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 3. Основ за изразување на мислење

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI) и Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија. Одговорностите согласно ISSAI се опишани во делот на Одговорност на ревизорите за ревизијата на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме обезбедено се доволни и соодветни за да обезбедат основ за нашето ревизорско мислење.

### 3.1. Основ за мислење со резерва за финансиските извештаи

3.1.1. На позицијата Побарувања на 31 декември 2024 година искажан е износ од 28.054 илјади денари по основ на ненаплатен надоместок за извршени здравствени услуги[1]. Со извршениот увид во сметководствената евиденција на Клиниката и документацијата поврзана со спроведениот попис на средствата и обврските, го утврдивме следното:

- состојбата на побарувањата во извештајот за попис е утврдена врз основа на податоци преземени од аналитичката сметководствена евиденција, без да се спроведат постапки за утврдување на правната основаност, анализа на старосната структура, проверка дали се правилно и целосно евидентирани во сметководствена евиденција и дали се преземени мерки за наплата, што не е во согласност со член 31-в од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници;
- побарувања во износ од 1.747 илјади денари за извршени здравствени услуги на пациенти кои за истите плаќаат со лични средства како и од странски државјани, се постари од три години, и за нив не се преземени мерки за наплата, при што постои ризик дека истите ќе се наплатат, што не е во согласност со член 37-б од Законот за буџетите, со кој е предвидена обврска за навремена и целосна наплата на приходите.

Утврдените состојби влијаат на реалноста и објективноста на прикажаните побарувања во Билансот на состојба и претставуваат ризик од ненавремено преземање мерки за нивна наплата и остварување на приходите.

Препорака

Одговорното лице на Клиниката да преземе активности со кои ќе обезбеди:

---

[1] побарувања од Министерството за здравство за извршени здравствени услуги по основ на програми, побарувања од други ЈЗУ по основ на извршени интерклинички здравствени услуги, побарувања за извршени здравствени услуги од пациенти кои за истите плаќаат со лични средства и побарувања за извршени здравствени услуги од пациенти кои се странски државјани.

- пописните комисии, во координација со сметководството, да вршат утврдување на правната основаност на побарувањата, анализа на старосната структура, проверка на целосното и правилно евидентирање на истите во сметководствената евиденција;
- воспоставување систем за редовно следење и навремено преземање мерки за наплата на побарувањата.

3.1.2. Со извршениот увид во начинот на евидентирање на пресметана и наплатена партиципација, како и висината на наплатените приходи од извршени здравствени услуги на осигурени пациенти, утврдивме помалку наплатена партиципација од пациентите во износ од 354 илјади денари. Имено, во текот на 2024 година, во месечните извештаи за извршени здравствени услуги во Специјалистичко консултативна здравствена заштита и Болничка здравствена заштита доставени до Фондот, прикажан е износ од 5.338 илјади денари на име партиципација на товар на пациентите, додека во сметководствената евиденција на Клиниката е евидентирана наплата на партиципација во износ од 4.984 илјади денари.

Од страна на одговорните лица е дадено образложение дека помалку наплатената партиципација е од пациенти кои не извршиле уплата по завршување на епизодата на лекување.

Наведеното не е во согласност со членовите 2 и 6 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и член 37-б од Законот за буџетите, укажува на недоволно ефикасен систем за наплата на приходите и влијае на точноста и комплетноста на истите.

Започнувајќи од јули 2024 година, од страна на одговорните лица на Клиниката се преземени активности за присилна наплата на партиципација за 2023 и 2024 година во износ од 417 илјади денари за 147 пациенти.

Препорака:

Одговорното лице во Клиниката да обезбеди:
- воспоставување систем за континуирано следење на пресметаната и наплатената партиципација и навремено преземање мерки за наплата;
- продолжување и интензивирање на активностите за наплата на ненаплатените побарувања до нивна целосна наплата.

## 4. Нагласување на прашања

4.1. Владата согласно Законот за здравствената заштита донесува програми за здравствена заштита со кои се утврдуваат мерки, задачи и активности,

содржина, обем и рокови за нивно извршување, како и финансиски средства за нивно остварување и тоа за осигурени и неосигурени лица. Министерството врши распределба на средствата на ЈЗУ по програми и надзор на спроведување на истите врз основа на доставени фактури и извештаи за реализација на активностите, во рамки на одобрениот Буџет за тековната година.

Во отсуство на утврдени пишани критериуми и постапка за распределба на финансиските средства по програми, истите се одобруваат во вкупен износ на ниво на сите ЈЗУ, што оневозможува:

- транспарентна распределба на средствата на поединечни ЈЗУ;
- сообразување на преземените активности и одобрените средства по програми, поради што наплатата на побарувањата по овие основи не се извршува во целост;
- ефективно остварување на целите на програмите.

На 31 декември 2024 година, Клиниката има ненаплатени побарувања од Министерството за извршени здравствени услуги по програми за здравствена заштита во вкупен износ од 27.466 илјади денари, кои потекнуваат од минати години.

Наведеното има влијание врз ликвидноста и финансиската стабилност на Клиниката, што може да има влијание врз квалитетот на услугите што се даваат на граѓаните и создава ризик од застарување на дел од побарувањата.

Ревизијата укажува на потребата Клиниката, во соработка со Министерството и Фондот, да преземе активности за изнаоѓање на решение за ненаплатените побарувања, како и донесувањето и реализацијата на програмите да се темелат на реално обезбедени финансиски средства и соодветно вреднување на извршените услуги.

## 5. Законска основа за ревизијата и временски период

Ревизијата на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2025 година, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

Ревизијата е спроведена во периодот од 15.11.2025 до 12.03.2026 година, кај Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија, сметка на сопствени приходи - 531 од ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

Не е вршена ревизија, ниту е издаден било каков извештај за финансиските извештаи на Клиниката за годините кои претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

## 6. Опфат и ограничувања

Нема ограничување во опфатот на ревизијата.

## 7. Одговорност за финансиски извештаи

Финансиските извештаи се одговорност на раководството на субјектот Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија, застапувано од:

- Неџати Јакупи, в.д. медицински директор од 17.09.2018 година, медицински директор од 12.02.2024 година до 17.07.2024 година:
- Адмир Дајовски, организациски директор од 07.12.2023 година до 23.07.2024 година;
- Игорче Џиковски, в.д. медицински директор од 17.07.2024 година, и в.д. директор од 13.09.2024 година, в.д. директор од 17.03.2025 година и 17.09.2025 година.

Оваа одговорност вклучува изготвување, имплементација и одржување на внатрешната контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите. Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 8. Одговорност на ревизорите

Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска

регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

Разумно уверување е високо ниво наувереност, но тоа не е гаранција дека при извршената ревизија согласно со ISSAI секогаш ќе бидат откриени сите материјално погрешни прикажувања кога таквите постојат, како и сите грешки и неусогласености со закони и прописи. Погрешните прикажувања може да се резултат на измама или грешка и се сметаат за материјално значајни, ако поединечно или во вкупен износ, можат да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија, врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на одговорното лице на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Комуницираме со оние кои се одговорни за управувањето во врска со планираниот опфат и временски распоред на ревизијата и значајните наоди во ревизијата,

вклучувајќи ги и сите значајни недостатоци во внатрешната контрола што сме ги утврдиле во текот на ревизијата.

## 9. Корекции во текот на ревизијата

Во текот на ревизијата од страна на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија извршени се сметководствени корекции по дадени препораки од Државниот завод за ревизија кои предизвикуваат промени во финансиските извештаи. Имено, со налог за книжење број 05-264 од 06.04.2026 година извршено е зголемување на позициите побарувања и пасивни временски разграничувања со нето ефект во износ од 26.051 илјади денари

## 10. Одговор на ревидираниот субјект

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот одржан на ден 12.03.2026 година за кои дадоа свои коментари и објаснување.

Не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор бр.25-664/2 од 27.04.2026 година.

| БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2024 година | | | |
|---|---|---|---|
| | | | во 000 денари |
| Опис на позицијата | Образложение | 2024 | 2023 |
| Приходи | | | |
| Неданочни приходи | 3.1. | 7.452 | 8.414 |
| Трансфери и донации | 3.2. | 3.129 | 4.220 |
| **Вкупно приходи** | | 10.581 | 12.634 |
| Расходи | | | |
| Тековни расходи | | | |
| Плати и надоместоци | 3.3.1. | 1.649 | 326 |
| Стоки и услуги | 3.3.2. | 7.783 | 10.578 |
| Субвенции и трансфери | 3.3.3. | 631 | 68 |
| **Вкупно тековни расходи** | | 10.063 | 10.972 |
| Капитални расходи | | | |
| Капитални расходи | 3.3.4. | 233 | 932 |
| **Вкупно капитални расходи** | | 233 | 932 |
| **Вкупно расходи** | | 10.296 | 11.904 |
| **Остварен вишок на приходи** | 3.2. | 285 | 730 |

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2024 | 2023 |
|---|---|---|---|
| Актива | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 285 | 731 |
| Побарувања | 4.1.2. | 28.054 | 1.815 |
| Побарувања од државата и други институции | 4.1.3. | 58 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.4. | 384 | 748 |
| **Вкупно тековни средства** | | **28.781** | **3.294** |
| **Вкупна актива** | | **28.781** | **3.294** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.2.1. | 383 | 677 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.2. | 28.398 | 2.547 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **28.781** | **3.294** |
| **Вкупна пасива** | | **28.781** | **3.294** |